**Образложение за носење на нов Правилник**

Согласно член 158-а став (2) од Законот: „Агенцијата во рамките на своите надлежности и овластувања се грижи за законито и ефикасно функционирање на пазарот на осигурување со цел заштита на правата на сопствениците и корисниците на осигурување.“.
Согласно член 159: „Агенцијата спроведува супервизија на друштвата за осигурување со цел да утврди дали вршењето на работи на осигурување е согласно со правилата за управување со ризик другите одредби од овој закон или други закони кои го регулираат работењето на друштвата за осигурување.“.
Во рамките на извршување на своите надлежности во делот супервизијата за целите на проверка на соодветноста на процената и издвојувањето на техничките резерви кај друштвата за осигурување, како и нивната усогласеност со Законот и Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви, Агенцијата кај сите друштва за осигурување спроведува редовна вонтеренска супервизија и повремена теренска супервизија.
На основа на направените анализи во изминатиот период, изготвените записници од спроведените теренски супервизии, како и оцената за постигнатата ефикасност од постојниот Правилник за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви, Агенцијата констатира дека има потреба за изменување на постојниот Правилник за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви, а со цел обесхрабрување на несоодветно воспоставените практики од страна на дел од друштвата за осигурување при проценета на техничките резерви, како и поставување на солидна основа и иницијатива за натамошен развој во процесите на друштвата за осигурување за целите на соодветно управување со ризиците од резервирањето.
**Зошто нов правилник?**
Главната причина за воведување нов Правилник за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви се резултатите од работењето на друштвата за осигурување кои укажуваат на сериозни недостатоци во процената на резервите за штета во изминатиот период (Графикон 1) и особено резултатите кои се однесуваат на задолжителната класа на осигурување: Осигурување од одговорност на моторни возила (Графикон 2)

**Графикон 1:** Вишок/недостаток на резерви за штети на 31.12. во претходните години, од гледна точка на 31.12.2019 година (износите се во денари)




**Графикон 2:** Вишок/недостаток на резерви за штети на 31.12. во претходните години, од гледна точка на 31.12.2019 година, во класата 10 (износите се во денари)




Агенцијата редовно ја следи оваа состојба и прави континуирани теренски супервизии, особено во друштвата за осигурување кои имаат најголемо учество во негативните резултати, со цел да ги утврди причините за настанатата состојба и за истото изготвува записници од спроведените супервизии во кои детално ги образложува своите наоди.

После неколкугодишното искуство во оваа насока Агенцијата констатира дека:

1. Исти наоди се повторуваат кај различни друштва за осигурување;
2. Периодот од констатирање на наодите, до коригирање на состојбата, е релативно незадоволителен, а како главна причина за истото може да се наведе тоа што Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви не содржи експлицитно принципи кои се составен дел од актуарската струка и пракса, па поради истото потребно е поголем период за нивно докажување;
3. Чести се случаите кога друштво за осигурување и покрај подобрувањето на состојбата после спроведената теренска супервизија, повторно применува несоодветни практики за наредните периоди, а истото се поврзува со немањето јасна поделба на одговорностите, како и мерките на супервизија.

Со цел подобрување на состојбата на пазарот на осигурување во делот на процената на техничките резерви, а после идентификуваните можни причини кои довеле до таквата состојба, а за кои постои можност за подобрување, Агенцијата има намера да воведе нов Правилник за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви.

**Што да се очекува од новиот правилник?**

Новиот правилник нема за цел да воведе нова регулаторна рамка за процена на техничките резерви во однос на веќе воспоставената. Едната, од двете цели кои треба да бидат постигнати со овој правилник, е да се допрецизираат принципи содржани во претходниот правилник за кои Агенцијата оцени дека не се соодветно интерпретирани и имплементирани од страна на друштвата за осигурување. Како исклучок од претходното, може да се наведе дополнителната маргина која се воведува преку наплатените регресни побарувања во делот на процената на резервите за штета, а која и во претходната пракса, иако не беше пропишана со регулативата, беше применувана од повеќе од 90% од друштвата за осигурување.

Оттука, новиот правилник не се очекува да предизвика никакви промени кај друштвата за осигурување кои во својата пракса воспоставиле претпазлива политика на издвојување на техничките резерви целосно усогласена со законот, Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви и актуарската струка и пракса. Но, на друштвата за осигурување кај кои се констатирани отстапувања, новиот правилник треба да даде насока во која треба да се движат, иако голем дел од овие друштва за осигурување се веќе изложени на дополнителни мерки во истата насока.

На овој начин се очекува да биде постигната синхронизираност во усогласувањето на сите друштва за осигурување со најдобрите актуарски практики, која нема да зависи од ограничените теренски

супервизии, но исто така да овозможи и побрзо и поефикасно заокружување на процесот кај друштвата за осигурување кои не се целосно усогласени со Законот и Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви.
Втората цел која треба да биде постигната со новиот правилник е да се постави основа за воспоставување адекватен процес кај сите друштва за осигурување во делот на процената на техничките резерви, а со цел адекватно управување со ризикот од резервирање. Ризикот од резервирање како дел од целокупниот процес за управување со ризици е надлежност на органот на управување на друштвото за осигурување и од досегашната пракса Агенцијата констатира дека истиот не е адекватно воспоставен кај друштвата за осигурување.

**Што понатаму?**

Земајќи го предвид регулаторното опкружување во кое се наоѓаме, односно Солвентност 1, но исто така земајќи ги предвид и исклучително незадоволителните резултати искажани во претходните графикони, новиот Предлог и покрај тоа што стимулира проценката на технички резерви да биде спроведена со примена на најдобрите актуарски практики, односно одделна процена на најдобрата процена и маргината за неповолни отстапувања (во кој случај друштвата за осигурување ќе направат јасна алокација на резервите за неповолни отстапувања согласно дефинираните дистрибуции на веројатност), исто така, пропишува дека износот на техничките резерви не смее да биде помал од технички резерви кои во себе содржат маргини кои се имплицитни и вкалкулирани преку самата методологија (аналогно како и постојниот Правилник за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви).
Очекувањето на Агенцијата за натамошниот развој на регулативата во овој дел е дека: со зајакнување на капацитетите на друштвата за осигурување, општото подобрување на нивото на техничките резерви на пазарот на осигурување, втемелување на адекватни актуарски практики и примената на валидирани стохастички модели; имплицитните маргини наметнати преку методологијата во одреден момент веќе нема да бидат потребни и процената на техничките резерви во целот ќе биде поттикната од основните принципи на осигурувањето и актуарската струка и пракса.
Ова во крајност ќе води и до поедноставно усогласување со режимот на Солвентност 2.